ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа

Штип

Македонија
општински центар
бота - Штип
01-1378/1
19.02 2026 год.

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ШТИП ЗА 2026 ГОДИНА

Штип, февруари 2026 година

## СОДРЖИНА

1. **Појдовна основа-ВОВЕД**
2. **Законски влијанија**
3. **Опис на социјалниот простор**
4. **Оперативеннн план**
5. **Права на парична помош од социјална заштита**

5.1 Гарантирана минимална помош
5.2 Паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домакинството
5.3 .Надоместок заради попреченост
. 5.4 Паричен надоместок за помош и нѐга од друго лице
5.5Надоместок на плата за скратено работно време
5.6.Додаток за домување
5.7.Траен Надоместок
5.8.Еднократна парична помош
5.9.Социјална сигурност на стари лица
5.10.Детски додаток
5.11. Посебен додаток
5.12.Еднократна парична помош за новороденче
5.13. Образовен додаток
5.14.Родителски додаток
5.15. Паричен надоместок на мајка која родила четврто дете
5.16.Право на здравствена заштита
5.17. Цивилна инвалиднина

6. **СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ**

6.1. Услуги на информирање и упатување
6.2. Услуги на стручна помош и подршка
6.3. Услуги на советување
6.4. Услуги во домот
6.5. Услуги во заедница
6.6. Услуги за вонсемејна заштита

7. **УСТАНОВИ ЗА ВОН-СЕМЕЈНА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

7.1. Резиденцијален дом
7.2. Дом за помош и нега
7.3. Воспитна установа
7.4. Установа за третман и рехабилитација
7.5. Групен дом
7.6. Установа за прифат на баратели на азил

8. **Центри за социјални услуги**

8.1.Дневен центар за лица сопопреченост
8.2. Дневен дентар за улични деца- деца на улица
8.3. Дневен центар за зависници од дрога и психотропни супстанци
8.4. Центар за жртви за семејно насилство

8.5. Центар за лица- жртви на трговија со луѓе
8.6.Центар за лица бездомници
8.7. Дневен центар и Клубови за стари лица и возрасни лица
8.8. Советувалиште за брак и семејство

**9. Постапки кои се водат во ЦСР**

9.1.Бракоразводи
9.2 Лица со нарушени брачни и партнерски односи
9.3. Дете на кое му се уредуваат односите со родител со кој не живее
9.4.Вонбрачно доверување на дете
9.5. Малолетно лице кое сака да стапи во брак пред полнолетство
9.6.Жртва на семејно насилство
9.7.Сторител на семејно насилство
9.8.дете без родители и родителска грижа
9.9. Дете со попреченост
9.10 Дете во ризик
9.11. дете во судир со законот
9.12 Малолетно лице под старателство
9.13 Надзор над вршење на родителско право
9.14. Одземање на родителско право
9.15. Посвојување
9.16. Полнолетно лице со попреченост
9.17.Старателство на лице со целосно одземена деловна способност
9.18.Старателство на лице со делумна одземена деловна способност
9.19. Старателство на возрасно лице за посебен случај
9.20. Лице кое употребува односно злоупотребува дрога и други психотропни супстанци
9.21. Лице кое злоупотребува алкохол
9.22. Возрасно лице со изречена алтернативна мерка.
9.23 Возрасно лице по отпуштање на казнена установа
9.24. Лице жртва на трговија со луѓе
9.25.Бездомно лице
9.26. Старо лице
9.27 Лице азилан
9.28. Носител на згрижувачко семејство
9.29. Носител на роднинско згрижувачко семејство
9.30.Други услуги што ги обезбедува ЦСР

**10. Институционала заштита**

**11. Превентивна работа**

**12. Останати активности**

**13. Функционирање**

**13.1. Човечки ресурси**

**13.2. Просторно технички услови за работа**
**13.3. Финансирање**
**13.4. Ризици кои може да влијаат на успешноста на спроведување на планот**
ОПЕРАТИВЕН ПЛАН НА АКТИВНОСТИ

## 1.ВОВЕД

ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа – Штип е Јавна Установа за социјална заштита, со јавни овластувања заради вршење работи од социјалната заштита како и за извршување други работи утврдени со Закон.

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Штип работите и дејностите ги извршува на подрачјето на 2 (две)општини и тоа Општина Штип и Општина Карбинци.

Согласно јавните овластувања и активностите кои произлегуваат од постојните законски прописи во Република Северна Македонија, Центарот ги извршува следните работи и работни задачи утврдени со Закон за Социјалната заштита , дејности од обласа на правата утврдени со Законот за заштита на децата, решава за правото на парична помош за лица со признаен статус на бегалец и под супсидијарна заштита утврдени со Законот за азил и привремена заштита, постапува по работи со Законот за Семејството и Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство ,постапува по работите утврдени со кривично-правните прописи, како и извршуваше и други работи утврдени со Закон,со програмата за работа на Владата на РСМ, Одлуки на Министерството за социјална политика, демографија и млади како и со Општите акти на Центарот.

При спроведување на социјалната заштита и стручната работа, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Штип ги остварува следните функции:

- ги открива, следи и проучува социјалните појави и проблеми;
- врши непосреден увид заради утврдување на фактичката состојба на лицето или семејството; применува и спроведува соодветни облици на социјална заштита преку непосредна помош на граѓаните, семејството или група на население;
- поттикнува и презема превентивни активности во спречување и отстранување на причините за настанување на положба од социјален ризик ;
- развива и спроведува вонинституционални облици на социјална заштита ;
- поттикнува, организира и координира волонтерски активности на граѓани, нивни здруженија, хуманитарни организации, во спроведување програми за социјална заштита на локално ниво ;
- изготвува планови и програми за социјална заштита ;
- применува и спроведува програми и други општи акти донесени и финансирани од општината.
- Активно учествува во Советот за социјална заштита на Општина Штип;
- Активно учествува во Советот за социјална заштита на Источно планскиот регион заради планирање и развој на мрежата на социјални услуги на Источно планскиот регион.
- Секоја година ЈУ МЦСР Штип зема учество во проектот Општинско корисна работа и Општинско корисна работа СДЦ-компонента заедно со АВРСМ и Општината за вклучување во работна активност лица корисници на Гарантирана минимална помош и тешко вработливи лица.
- Во координација со АВРСМ се изготвуваат активациските планови за вклучување на корисници на ГМП во обуки, практиканство, доквалификација, преквалификација, како и нивно вработување.

Во спроведувањето на социјалната превенција, од страна на Стручните тимови од соодветната проблематика се врши откривање и проучување на социјалните појави,применување соодветни облици на социјалната заштита поттикнување и превземање на превентивни дејствија за спречување на настапување на положба од социјален ризик, спроведување на вониституционални облици на социјална заштита,изготвување на планови и програми.

Од областа на семејно правните прописи Центарот работи по барања на граѓаните и нивните семејства,помага во разрешувањето на животните тешкотии и проблеми во индивидуалното живеење, партнерските односи, брачните односи , односите на родители и деца , укажува помош на семејствата во остварувањето на нивната заштита ,работи од областа на семејното насилство,трговијата со луѓе, поттикнува одговорно родителство и помага во остварувањето и унапредувањето на односите во семејството.

Стратешките приоритети на Владата

- Националната програма за социјална заштита
- Стратешкиот план на Министерството за социјална политика, демографија и млади
- Посебните програми, конвенции и оперативни акциони планови за справување со одредени појави и ризици
- Годишната програма на Министерството за социјална политика, демографија и млади Стратешките програми за социјална заштита на локалната самоуправа

Центарот преку извештајот дава една јасна слика за приоритетите и целите во работењето на стратегиите и програмите на Владата, Министерството и други релевантни институции кои работат и дејствуваат координативно и мултисекторси.

ЈУ МЦСР Штип во 2025 година активно работеше и ја спроведуваше предвидената програма за 2025година.

## 2.ЗАКОНСКИ ВЛИЈАНИЈА

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Штип е Јавна Установа за социјална заштита, со јавни овластувања заради вршење работи од социјална заштита. Центарот ги извршува работите и работни задачи утврдени со Закон за Социјалната заштита , дејности од областа на правата утврдени со Законот за заштита на децата ,решава за правото на парична помош за лица со признаен статус на бегалец и под супсидијарна заштита утврдени со Законот за азил и привремена заштита, постапува по работи со Законот за Семејството и Законот за превенција, спречување и заштита од семејно и родово-бзирано насилство,Законот за правда на децата постапува по работите утврдени со кривично-правните прописи.

Во 2019 година е донесен новиот закон за Социјална Заштита и Законот за измени и дополнување на Закон за заштита на децата. Во изминатата 2025 година активно се продолжи да се работи на подобрување на квалитетот на услугите и јакнење на капацитетите на семејствата, се интензивираше работата во случаите на семејно насилство, преку доследна примена на одредбите од Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство со отвореното советувалиште за жртви од Семејно насилство и Кризен центар како и активна

соработка, комуникација и координација со надлежните институции (Полиција, Здравство, Суд, Јавно обвинителство и Агенција за вработување), односно Мултисекторското постапување.

Во областа на материјалните права од Социјална заштита, во текот на 2026 активно ке продолжиме да работиме со активните мерки за вработување на социјално-ранливите категории на граѓани што Владата на Република Северна Македонија ги реализираше преку Агенцијата за вработување и со логистичка подршка како и со изработка на зеднички планови за активација на корисниците од Центрите за социјална работа и Агенцијата за вработување, се овозможи вработување и самовработување на голем број на корисници на правото на Гарантирана минимална помош, лица кои имале статус на деца без родители и родителска грижа, самохрани родители и лица со пречки во развојот. Исто така се реализираа и обуки, практиканства како и доквалификации и прекфалификации на баратели на работа евидентирани во АВРСМ.

Врз основа на изнесеното, може да се констатира дека со новиот Закон за Социјалната заштита и извршените измени во Законот за Заштита на децата се зголемува и проширува надлежноста на Центрите за социјална работа, а истовремено се воведуваат и нови бенифиции и можности за граѓаните во областа на правата и услугите од социјалната и детската заштита и семејно-правните односи.

Во делот на потребни промени во центарот треба да се напомене дека е потребно дополнително да се зголемат човечките ресурсите , бидејќи се јавува недостаток од вработени во Центарот за социјална работа, во двата Дневните центри и Мал групен дом .

Центарот, на кратко, дава сопствена проценка за адекватноста на мерките и активностите кои ги презема со цел намалување на социјалните ризици.

## 3.ОПИС НА СОЦИЈАЛНИОТ ПРОСТОР

Во овој дел треба да се даде опис на социјалниот простор и на факторите што влијаат врз појавата на социјални ризици, на подрачјето на кое дејствува центарот.

Податоците во овој дел, ЦСР ги прибавува преку Државен завод за статистика, Агенција за вработување на РМ, полиција, матична служба, општина, училишта, здравствени организации, граѓански сектор, други установи и институции што располагаат со соодветни статистички податоци што може да дадат слика на социјалните појави на подрачјето на ЦСР.

Врз база на прибавените податоци, центарот прави слика на регионот(подрачјето за кое е месноналежен ) опишувајќи ги состојбите во регионот, што очекува да влијаат на обемот и видот на работа во текот на годината, давајќи опис на:

1. ***Демографските фактори***- Центарот,земајќи ги во предвид трендовите во демографските состојби (пол, возраст, прираст, етничка структура на население, миграции, склучени бракови и други), го предвидува нивното влијание врз појавата на социјални ризици, каков вид на активности и колкав обем на работа планираЦСР во текот на годината, земајќи ги во предвид овие податоци;

2. ***Економските фактори***– Центарот, земајќи ги во предвид економските показатели (стапка на вработеност, економска активност, просечна плата и други), предвидува како тие ќе се одразат на појавата на социјални ризици и на обемот на работа на ЦСР, каков вид на активности и колкав обем на работа планираЦСР во текот на годината, земајќи ги во предвид овие податоци;

3. ***Културни и религиски фактори***–Центарот предвидува какокултурините и религиски фактори и социјални појави и ризици, ќе влијаат на обемот и видот на работа на ЦСР во следната година;

4. ***Степен на образование на населението***–Центарот дава податоци и опис на образовната структура на населението и редовноста на вклученост во образовниот процес, по етничка структура и пол, и ги предвидува факторите и социјалните појави и ризици што ќе влијаат врз обемот и видот на работа на ЦСР, зависно од целната група на која се однесуваат;

5. ***Здравство***- Центарот дава проценка за обемот и видот на работа што произлегува од ризици поврзани со здравствени проблеми кај целните групи, пристап до здравствени услуги и друго.

Центарот утврдува кои социјални ризици се најизразени во регионот за кој е месноналежен , што точно влијае на идентификуваните социјални ризици и дава општ опис на мерките и активностите што планира да ги преземе за намалување на последиците и негативните ефекти.

## 4.ОПЕРАТИВЕН ПЛАН НА АКТИВНОСТИ

Социјалната заштита се остварува преку систем на мерки, активности и политики за превенирање, спречување и надминување на основите социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за надминување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита. Социјалната заштита во текот на 2026 година Центарот на подрачјето на двете општини ке ја реализира преку обезбедување на права и услуги за сите граѓани од општина Штип и општина Карбинци.

Во овој дел се прави детално планирање на видот и обемот на активности за работа на Центарот за социјална работа-Штип за 2026, по вид на предмет, а земајќи ги во предвид локалните услови за работа (описот на социјалниот простор) на подрачјето на кое дејствува ЦСР и тековниот обем на работа на установата.Врз основа на трендот на податоците од претходните три години и на идентификуваните социјални ризици, се планира бројот на предмети за следната година.

Пренесени - се сите предмети кои на крајот од годината се активни и се пренесуваат во наредната година

- во делот на парични права предмети кои се во исплата и кои се нерешени по барања и се постапува
- во делот на услугите кои се во тек на постапката и/или услугата е дадена и се следи

Новопримени - се сите нови предмети кои се примени во текот на годината

Збирот на пренесените и новопримените предмети –го дава вкупниот број на предмети со кои ЦСР работел во текот на една година.

Укинатите и одбиените се завршени и се пасивни предмети

Предмети во работа –се предмети кои се нерешени и на крајот на годината се активни и кои се пренесуваат во наредната година

Позитивно решени барање –се предмети-корисници кои се стекнале со правото и како број се пренесуваат во наредната година

Затворени (пасива) – предмети на кои на корисниците им престанала социјална услуга, веќе не се следат, затворени се и ставени во пасива во тековната година.

## 5.ПРАВА НА ПАРИЧНА ПОМОШ ОД СОЦИЈАЛНА И ДЕТСКА ЗАШТИТА

Овој дел содржи краток осврт на паричните права од Законот за социјална заштита и Законот за заштитана децата .За секое поединечно право се даваат

податоци за број на предмети за претходната година и се планира обем на работа за следната година.

| Број на предмети во работа | Реализирани | Планирани |
|---|---|---|
| | 2025 | 2026 |
| Гарантирана минимална помош | 773 | 750 |
| Паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството, ГМП+СП | 948 | 950 |
| Надоместок заради попреченост | 287 | 280 |
| Надоместок за помош и нега од друго лице | 1647 | 1700 |
| Надоместок на плата за скратено работно време | 19 | 20 |
| Додаток за домување | | |
| Траен надоместок | 2 | 2 |
| Еднократна парична помош | 145 | 150 |
| Социјална сигурност на стари лица | 175 | 170 |
| Детски додаток | 337 | 300 |
| Посебен додаток | 130 | 150 |
| Еднократна парична помош за новороденче | 259 | 250 |
| Образовен додаток | 265 | 300 |
| Родителски додаток за трето дете | 218 | 200 |
| Паричен надоместок на мајка која родила четврто дете | 0 | 0 |
| Цивилна инвалиднина | 1 | 1 |
| Парична помош за лице кое до 18 год. имало статус на дете без родители и родителска грижа | | |
| Парична помош за студирање | 4 | 4 |
| Право на надоместок на трошоци за сместување на лицето и надоместок за згрижување | | |
| Право на здравствена заштита | 110 | 120 |
| Парични надоместоци од други закони | | |
| Вкупно | 5043 | 5497 |

Со новиот Закон за социјална сигурност за старите лица се забаележува зголемување на бројката што значи дека носи позитивности кај граѓаните, бидејки овие луѓе по 65 година без стаж остануваа да бидат зависни од издршка на нивните семејства. Со остварување на оваа права корисниците имат сопствени примања и субвенционирање за електрична енергија.

### 5.1.Гарантирана минимална помош

| | Реализирано | План |
|---|---|---|

| | | 2025 | 2026 |
|---|---|---|---|
| Предмети случај | Пренесени | 815 | 815 |
| | Новопримени | 212 | 200 |
| | Укинати | 215 | 150 |
| | Одбиени | 27 | 100 |
| | **Предмети во работа-нерешени** | **12** | **10** |
| | Позитивно решени | 773 | 760 |

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2024 | 2026 |
| Корисници | Носители | 773 | 800 |
| | Вкупно корисници | 3078 | 3000 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 72.894.978 | 70.000.000 |

Центарот за социјална работа Штип и Агенцијата за вработување имаат заедничка цел за надминување на невработеноста кај ранливите категории на граѓани, корисници на Гарантирана минимална помош. За таа цел се изготвуваат заеднички планови за активација на корисниците. Во текот на 2026 година ке продолжиме да се стремиме кон намалување на корисниците на Гарантирана минимална помош со изготвување на планови за активација заедно со Агенцијата за вработување. Корисниците на Гарантирана минимална помош најлесно вработливите со оформено образование, со нивна согласност и потпишан план беа вклучени во Оперативниот план за вработување. Активациските планови преку назначени координатори од Центрите за социјалана работа се физички доставуваат во хартиена форма во АВРСМ каде што се повикуваат корисниците поединечно и се потпишува планот за активација.

Голем дел од корисниците на ГМП беа вклучени и во обуки за практиканство кај познат работодавач за оспособување во одредена област и полесно нивно работно оспособување и вработување.

**5.2.Паричен додатокзаради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството,**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Корисници | Носители | 984 | 950 |
| | Вкупно корисници | 3078 | 3000 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 6.316.956 | 6.000.000 |

## 5.3.Надоместок заради попреченост

| Вид попреченост | | Реализирано 2025 | План 2026 |
|---|---|---|---|
| тешка или длабока интелектуална попреченост | Пренесени | 18 | 18 |
| | Новопримени | | 5 |
| | Одбиени | | |
| | Предмети во работа-нерешени | | |
| | Позитивно решени | **18** | **23** |
| најтешка телесна попреченост | Пренесени | 121 | |
| | Новопримени | | 119 |
| | Одбиени | 2 | |
| | Предмети во работа-нерешени | 5 | |
| | Позитивно решени | **119** | **120** |
| потполно слепо лице | Пренесени | 91 | 89 |
| | Новопримени | 4 | 5 |
| | Одбиени | 6 | |
| | Предмети во работа-нерешени | | |
| | Позитивно решени | **89** | 94 |
| потполно глуво лице. | Пренесени | 61 | 61 |
| | Новопримени | | 5 |
| | Одбиени | | |
| | Предмети во работа-нерешени | | |
| | Позитивно решени | **61** | 66 |
| Средства | Исплатени/ Потребни средства | 30,940.585 | 30.000 .000 |

## 5.4 Надоместок за помош и нега од друго лице

| | | Реализирано 2025 | План 2026 |
|---|---|---|---|
| Предмети | Пренесени | 1831 | 1700 |
| | Новопримени | 647 | 600 |
| | Укинати | 356 | 150 |
| | Одбиени | 230 | 200 |
| | Предмети во работа-нерешени | **245** | 100 |
| | Позитивно решени | **1647** | 1850 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 132.805.576 | 130.000.000 |

**5.5.Надоместок на плата за скратено работно време**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Предмети | Пренесени | 19 | 19 |
| | Новопримени | 1 | 2 |
| | Укинати | 1 | |
| | Одбиени | | |
| | Предмети во работа-нерешени | | |
| | Позитивно решени | 19 | 21 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 3.566.478 | 3.570.000 |

**5.6.Додаток за домување**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Предмети | Пренесени | / | |
| | Новопримени | | |
| | Укинати | | |
| | Одбиени | | |
| | Предмети во работа-нерешени | | |
| | Позитивно решени | | |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | | |

**5.7.Траен надоместок**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Згрижувач | Пренесени | | |
| | Новопримени | | |
| | Укинати | | |
| | Одбиени | | |
| | Предмети во работа-нерешени | | |
| | Позитивно решени | | |
| Родител кој се грижел за дете со попреченост | Пренесени | 1 | 2 |
| | Новопримени | 1 | |
| | Укинати | | |
| | Одбиени | | |
| | Предмети во работа-нерешени | | |
| | Позитивно решени | 2 | 2 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 210.072 | 220.000 |

**5.8.Еднократна парична помош**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Предмети | Пренесени | | |
| | Новопримени | 173 | 200 |
| | Укинати | | |
| | Одбиени | 28 | 10 |
| | Предмети во работа-нерешени | | |
| | Позитивно решени | 145 | 190 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 422.700 | 450.000 |

**5.9.Социјална сигурност за стари лица**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Предмети | Пренесени | 169 | 175 |
| | Новопримени | 33 | 140 |
| | Укинати | 25 | 15 |
| | Одбиени | 2 | |
| | Предмети во работа-нерешени | | |
| | Позитивно решени | 175 | 200 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 19.071.700 | 20.000.000 |

**5.10.Детски додаток**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Предмети | Пренесени | 318 | 337 |
| | Новопримени | 63 | 40 |
| | Укинати | 17 | 47 |
| | Одбиени | 23 | |
| | Предмети во работа-нерешени | **4** | |
| | Позитивно решени | 337 | 330 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 8.715.252 | 8.700.000 |

**5.11.Посебен додаток**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Предмети | Пренесени | 150 | 150 |
| | Новопримени | 44 | 10 |
| | Укинати | 37 | 10 |
| | Одбиени | 10 | 10 |
| | Предмети во работа-нерешени | **17** | |
| | Позитивно решени | 130 | 140 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 14,593.761 | 14.600.000 |

## 5.12.Еднократна парична помош за новороденче

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Предмети | Пренесени | 19 | |
| | Новопримени | 259 | 250 |
| | Укинати | | |
| | Одбиени | 1 | |
| | Предмети во работа-нерешени | | |
| | Позитивно решени | 268 | 250 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 4.307.180 | 4.300.000 |

## 5.13.Образовен додаток

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2025 |
| Предмети | Пренесени | | |
| | Новопримени | 412 | 400 |
| | Укинати | 51 | 50 |
| | Одбиени | 93 | 100 |
| | Предмети во работа-нерешени | | |
| | Позитивно решени | 265 | 350 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 666,815 | |

## 5.14. Родителски додаток

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Предмети | Пренесени | 262 | 218 |
| | Новопримени | 7 | 5 |
| | Укинати | 39 | 50 |
| | Одбиени | 5 | |
| | Предмети во работа-нерешени | | |
| | Позитивно решени | 218 | 173 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 27,526.591 | 20.000.000 |

## 5.15.Паричен надоместок на мајка која родила четврто дете

| | | **Релизирано** | **План** |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Предмети | Пренесени | 0 | 0 |
| | Укинати | | |
| | Одбиени | | |

| | **Релизирано** | **План** |
|---|---|---|

| | | 2025 | 2026 |
|---|---|---|---|
| Исплатени средства | Исплатени средства | | 0 |
| | Неосновано исплатени | | |
| | Вратени средства | | |

**5.16.Цивилна инвалиднина**

| | | Релизирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Предмети | Пренесени | 1 | 1 |
| | Новопримени | | |
| | Укинати | | |
| | Одбиени | | |
| | Предмети во работа-нерешени | | |
| | Позитивно решени | 1 | 1 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | 459,347 | 460.000 |

**5.17.Парична помош за лице кое до 18 год. имало статус на дете без родители и родителска грижа**

| | | **Релизирано** | **План** |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Предмети | Пренесени | | |
| | Новопримени | | |
| | Укинати | | |
| | Одбиени | | |
| | Предмети во работа-нерешени | | |
| | Позитивно решени | | |

| | | **Релизирано** | **План** |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Исплатени средства | Исплатени средства | | |
| | Неосновано исплатени | | |
| | Вратени средства | | |

**5.18.Парична помош за студирање**

| | | **Релизирано** | **План** |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Предмети | Пренесени | 4 | 4 |
| | Новопримени | | |
| | Укинати | | |
| | Одбиени | | |
| | Предмети во работа-нерешени | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Позитивно решени | 4 | 4 |

| | | Релизирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Исплатени средства | Исплатени средства | 1.568.160 | 1.600.000 |
| | Неосновано исплатени | | |
| | Вратени средства | | |

**5.19.Право на надоместок на трошоци за сместување на лицето и надоместок за згрижување**

| | | Релизирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Предмети | Пренесени | | |
| | Новопримени | | |
| | Укинати | | |
| | Одбиени | | |
| | Предмети во работа-нерешени | | |
| | Позитивно решени | | |

| | | Релизирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Исплатени средства | Исплатени средства | | |
| | Неосновано исплатени | | |
| | Вратени средства | | |

**5.20.Право на здравствена заштита**

| | | Релизирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Предмети | Пренесени | 119 | 110 |
| | Новопримени | 9 | 10 |
| | Укинати | 6 | |
| | Одбиени | 12 | 10 |
| | Предмети во работа-нерешени | | |
| | Позитивно решени | 110 | 110 |

| | | Релизирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Исплатени средства | Исплатени средства | 4.435.031 | 4.400.000 |
| | Неосновано исплатени | | |
| | Вратени средства | | |

## 5.21.Паричен надоместок од други закони

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Предмети | Пренесени | | |
| | Новопримени | | |
| | Укинати | | |
| | Одбиени | | |
| | Предмети во работа-нерешени | | |
| | Позитивно решени | | |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | | |

## 6.СОЦИЈАЛНА ПРЕВЕНЦИЈА И СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

### 6.1.СОЦИЈАЛНА ПРЕВЕНЦИЈА

За разлика од оние бенефиции што се поврзани со одржување на приходите и се фокусирани на подобрување на финансиска поддршка на граѓаните , социјалните услуги се ориентиарани кон помош во задоволување на нефинансиските потреби и непреченото остварување на развојни и социјализаторски задачи. Тие понекогаш се нарекуваат лични социјални услуги, хумани социјални услуги или услуги за социјална нега од причина што задоволувањето на финансиските потреби на ранливите групи граѓани е клучно за нивната сигурност, но сепак не значи неопходно обезбедување на задоволувачко ниво на социјално функционирање. И додека облиците на финансиска помош историски се делегирани на јавната социјално-заштитна мрежа, социјалните услуги ги обезбедуваат и јавни и приватни (профитни и непрофитни) организации

Информативно-советодавни услуги, менаџирање на случаеви заради остварување на нивните социјални права, бесплатна правна помош и други услуги во поглед на социјалната заштита им обезбедува упатување Центарот. Покрај тоа, Центарот се грижи и за вмрежување и координација меѓу институциите на локално ниво како и проширување и унапредување на соработката со граѓанските организации.
Најголемиот број на граѓани се упатуваат во Општинскиот центар за социјални услуги Штип се лица од Ромска националност кои се корисници на повеќе видови на социјални права, невработени, бездомници, самохрани родители, лица со инвалидитет, лица без документи, повратници од странство, лица без никакви примања, кои доаѓаат во Центарот и ја добијат соодветната услуга.

## 6.1. Услугина информирање и упатување

| | Реализирано | План |
|---|---|---|
| | 2025 | 2026 |
| Услуга на информирање | 48 | 50 |
| Услуга на упатување до друга институција | 20 | 25 |
| Вкупно | 68 | 80 |

Услуги на информирање и упатување опфаќаат информирање на граѓаните за правата од социјалната заштита и расположливите социјални услуги, првична проценка и упатување до други институции, со цел остварување непречен пристап до правата и услугите.

Најчесто услугите за информирање и упатување на корисниците се спроведуваат без однапред поднесени барања од страна на корисниците, односто со прием на странката на шалтер или кај тријажерот се добива потребната информација за упатување или информирање.

## 6.2. Услуги на стручна помош и поддршка

- **<u>Услуги на стручна помош и поддршка</u>, согласно член 72 од Законот за социјална заштита обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи – Штип.**

| | Реализирано | План |
|---|---|---|
| | 2025 | 2026 |
| Услуги на стручна помош и поддршка | 145 | 150 |
| Вкупно | 145 | 150 |

Услугите на стручна помош и поддршка на поединец и семејството опфаќаат помош и поддршка за надминување на индивидуалните и семејните проблеми преку проценка, планирање, интревенции за заштита и евалуација, како и следење на состојбата по завршување на интервенциите, со цел зајакнување на корисниците, промоција на нивниот непречен развој, обезбедување и одржување на добросостојбата и незвисноста и нивно долгорочно оспособување за самостојно надминување на социјалните проблеми.

### 6.3. Услуги на советување

| | Реализирано 2025 | План 2026 |
|---|---|---|
| подготовка за брак, живот во семејство, родителство, планирање на семејство, брачно/партнерско советување за партнери со нарушени односи | 6 | 10 |
| советување при развод на брак | 75 | 80 |
| семејна медијација за семејства со нарушени семејни односи | / | |
| психо-социјална поддршка за жртви на семејно насилство | 53 | 60 |
| психо-социјален третман на сторители на семејно насилство и | | |
| други специјализирани видови на советувања | | |
| Вкупно | 134 | 150 |

Услугите на советување опфаќаат советодавна работа, односно советувалишна работа со цел превенирање, ублажување и надминување на последиците од настанатите социјални проблеми на поединец и семејства и тоа:

- подготовка за брак, живот во семејство, родителство, планирање на семејство, брачно/партнерско советување за партнери со нарушени односи;
- советување при развод на брак;
- семејна медијација за семејства со нарушени семејни односи;
- психо-социјална подршка за жртви на семејно насилство,
- психо-социјална подршка за сторители на семејно насилство и
- други специјализирани видови на советувања

### 6.4. Услуги во домот

Услуги во домот се услуги за обебедување помош и нега во домот на лице со привремено или трајно намален функционален капацитет, со цел овозможување на лицето да продолжи да живее во сопствениот дом и превенција на потребата од вонсемејна заштита.

Услуги во домот се:

- помош и нега во домот
- лична асистенција

Услугата лична асистенција на територија на општина штип и Карбинци се реализира од страна на провајдер на Црвен крст Неготино и ЕСИ Нелис- Скопје.

Постои заинтересираност и потреба и од услугата на помош и нега во домот но од причина што немаме регионален овластен провајдер за услугата истата не се реализира.

| | Реализирано | План |
|---|---|---|
| | 2025 | 2026 |
| Помош и нега во домот | | |
| Лична асистенција | 43 | 100 |
| Вкупно | 43 | 100 |

### 6.5. Услуги во заедницата

Услуги во заедницата опфаќаат услуги на дневен, привремен престој, ресоцијализација, рехабилитација, реинтеграција на корисници, одмена на семејна грижа и куќа на пола пат заради превенција, згрижување и заштита, а со цел овозможување на корисникот да продолжи да живее во сопствениот дом, односно заедницата и превенција на потребите од вонсемејна заштита. При ЈУ МЦСР –Штип од услуги во заедницата е развиена Услуга на дневен престој.

